Врз основа на член 55 од Законот за Судовите (“Службен весник на РМ“ бр. 58/2006 година), Судскиот совет на Република Македонија на седницата одржана на 30.1.2007 година донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА СУДСКАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува издавањето, формата и содржината на образецот и одземањето на судската легитимација.

### Член 2

За издадените и одземените судски легитимации се води евиденција.

Судската легитимација се издава за време на вршењето на судиската функција.

### Член 3

Судијата кој ја изгубил легитимацијата или на друг начин останал без неа, веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена го известува Судскиот совет на Република Македонија, со кое ги изнесува и причините и се отвора постапка за издавање нова, а за старата во евиденцијата се става забелешка.

### Член 4

Судијата кој престанал со вршењето на судиската функција веднаш ја предава легитимацијата, преку претседателот на судот, во Судскиот совет на Република Македонија.

Во случај на непредавање, а престанал основот по кој е издадена, по службена должност Судскиот совет на Република Македонија ја поништува легитимацијата и за тоа го известува претседателот на судот.

Член 5

Судската легитимација е со големина од 7, 5х11, 5см.

Кориците на судската легитимација од надворешната страна се од кожа, во темно сина боја, а на предната страна во горниот дел пишува “РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ – Судски совет на Република Македонија, назив “СУДСКА ЛЕГИТИМАЦИЈА“.

Внатрешната страна на кориците е во бела боја.

Првата внатрешна страна содржи “Република Македонија, Судски совет на Република Македонија“, место за фотографија во боја со големина 2, 5х3 см, простор каде што се запишува името и презимето на судијата, функцијата и назив на судот, регистарски број на легитимацијата. Во горниот лев агол е грбот на Република Македонија, а во горниот десен агол е заштитниот знак мечот на правдата со вага. (Образец бр 1).

На судската легитимација се втиснува печатот од Судскиот совет на Република Македонија и потписот на претседателот на Советот или овластено лице.

Втората внатрешна страна на судската легитимација ги содржи следните податоци: матичниот број на судијата, живеалиште и дата на издавањето.

Третата внатрешна страна на судската легитимација го претставува симболот на правдата мечот со вага. Мечот е со златна боја, на тегет основа, со рамка чија горна половина е во бела боја на која пишува “Република Македонија“, а долната половина е со ловоров венец со златна боја. (Образец бр. 2).

Член 6

Обрасците број 1 и 2 се составен дел на овој Правилник.

II. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Службените легитимации издадени на судиите пред влегувањето во сила на овој Правилник ќе се заменат во рок од 1 (една) година, а издадените

да се вратат преку претседателот на судот до Судскиот совет на Република Македонија.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престануваат да важат одредбите од Правилникот за образецот и постапката за издавање и одземање на службените легитимации на судиите и службените лица во судот и на службените лица во Министарството за правда – сектор за правосудство, ("Службен весник на РМ"бр. 34/96, 50/96), а кои се однесуваат за службените легитимации на судиите.

Член 9

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Беќир Исени**